# СООПШТЕНИЕ
# НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
# ВО ВРСКА СО ДЕКЛАРАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА

Членовите на Македонската академија на науките и уметностите со индигнација го искажуваат својот протест против оној дел од Декларацијата на Самитот на Европската заедница во Лисабон во кој на Република Македонија ултимативно ѝ се условува меѓународното признавање со промена на името. Таков однос спрема една самостојна држава е непознат во досегашната историја на меѓународните односи, ниту може да се подведе под нормите на современото меѓународно право. Правото на самоопределување на секој род, како едно од темелните права и на самата Европска заедница, меѓу другото го опфаќа и правото на секој слободен народ сам да го избере името на својата држава. Името на државата го изразува националниот идентитет на еден народ и на територијата на која тој живее.

Народот што живее на територијата на Република Македонија својата вековна борба за опстанок и слобода ја водел како македонски народ и едноставно под тоа име тој е и денес познат во меѓународната заедница. Народот од оваа територија друго име никогаш немал ниту прифаќа во иднина да има. Граѓаните на Република Македонија, без оглед на националната и верска припадност се еднодушни дека нивната држава не може да има друго име освен Република Македонија. Одлуката на Европската заедница на нашата држава да ѝ се наметне друго име, односно барањето таа да го смени своето име во основа е насочено против националниот индивидуализам на македонскиот народ и би водело кон неговото бришење од картата на современите европски народи.

Со одлуката усвоена од Самитот на Европската заедница во Лисабон не се придонесува за решавањето на проблемот на меѓународното признавање на Република Македонија. Со оваа одлука наново се усложнуваат односите на Балканот, се доведува во опасност мирот на овој дел од Европа и се создаваат услови за оживување на аспирациите кон Република Македонија. Со Лисабонската декларација Република Македонија се става во состојба на

подолготрајна меѓународна изолација и се доведува во тешка економска и политичка положба. Оваа одлука им одговара само на оние средини во соседните држави кои не се ослободиле од хипотеката на историското минато за уништување на македонскиот народ и од претензиите спрема неговата земја, на која тој цели 15 векови опстојува, културно и материјално твори и се бори за слободен живот и сестран развиток.

Поради спротивставените интереси и аспирации на големите европски сили и на соседите, историјата не била справедлива спрема македонскиот народ. И денес кога се очекуваше современа демократска Европа, доследно на прокламираните морални принципи и правни норми, да го признае меѓународниот субјективитет на Република Македонија, европските дванаесетмина со својата одлука му нанесуваат уште една историска неправда на македонскиот народ. За народот во Република Македонија оваа одлука не е од формален карактер и тој ја доживува како грубо повторување и рецидив од неправичното европско и балканско минато спрема него.

Заради опстанокот и слободата на еден народ на овој дел од Балканот и зацврстувањето на неговата верба во идеалите и принципите на нова демократска Европа, би сакале да веруваме дека Европската заедница ќеја преиспита својата одлука во врска со меѓународното признавање на нашата држава и ќе стави крај на колебањата, пазарењата и уцените во врска со нејзиното име. Меѓународното признавање на Република Македонија под тоа име не имплицира никакви територијални претензии спрема оние соседни држави во чиј состав се наоѓаат делови од територијата на Македонија, како што тоа тенденциозно сака да го претстави Република Грција.

Единствено таква одлука со која Република Македонија се признава под нејзиното автентично име може да биде во интерес на мирот во овој дел од Балканот и во Европа и основа на добрососедските и пријателските односи меѓу балканските народи и држави. Во суштина тоа е и долг и обврска на Европската заедница што произлегуваат од нејзините основни принципи и од повелбите и документите на Обединетите нации и КЕБС.

Скопје, 2 јули 1992 година

БИЛТЕН НА МАНУ, ГОД. XIX, БР. 1